# ЗНМ ГИ НАГРАДИ НАЈДОБРИТЕ ФОТОГРАФИИ НА ТЕМА БЕГАЛСКИ БРАН

18 ноември , 2016



Здружението на новинари на Македонија ги награди фоторепортерите Маја Златевска, Огнен Теофиловски и Ѓорѓи Личовски за најдобри фотографии на тема бегалскиот бран во 2015 година.

Првата награда ја освои Златевска од „Дневник", втората му припадна на Теофиловски од „Вест" и третопласиран е Личовски од „Сакам да кажам" во изборот на ЗНМ за фотографии од бегалците кои поминаа низ Македонија, бегајќи од војните во нивните земји. По доделувањето на наградите, во Музејот на Македонија во Скопје се одржа изложба со најдобрите 50 фотографии, со кои на огласот се пријавија над 20 фоторепортери.

Оваа активност на ЗНМ е дел од проектот посветен на македонските фоторепортери, поддржан од амбасадата на САД, Канцеларијата на УНХЦР во Скопје и Македонското здружение на млади правници.